Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ број 161/19 и 229/20) и врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 октомври 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА
РАБОТАТА НА ООУ „ТОШО АРСОВ“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за учебната 2022/2023 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6387/1 Совет на Општина Штип
10 октомври 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

734.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“-Штип за учебната 2022/2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6388/2 — Општина Штип
12 октомври 2023 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

735.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ број 161/19 и 229/20) и врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 октомври 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“-Штип за учебната 2022/2023 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6388/1
10 октомври 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

736.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“-Штип за учебната 2022/2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6389/2
12 октомври 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

737.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ број 161/19 и 229/20) и врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 октомври 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА
РАБОТАТА НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“-Штип за учебната 2022/2023 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6389/1 Совет на Општина Штип
10 октомври 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

738.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ
ЗА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАР

I

Се објавува Одлука за еднократна парична помош за причинета штета од пожар.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6390/2 Општина Штип
12 октомври 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

739.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 октомври 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ
ЗА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАР

Член 1

Се доделува еднократна парична помош за причинета штета од пожар на:

- Даниел Јовевски во висина од 20.000,00 денари,
- Славе Герасимов во висина од 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6390/1
10 октомври 2023 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

740.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА КОНЦЕРТ НА КЛАСИЧНА МУЗИКА

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за концерт на класична музика.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6391/2
12 октомври 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

741.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 октомври 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА КОНЦЕРТ НА КЛАСИЧНА МУЗИКА

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 10.000,00 денари за концерт на класична музика, на дуото пијанистки Ема Једличка-Гогова и Ина Асламас.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година, на сметката на организаторот односно барателот Марија Гогова-Самоников.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6391/1
10 октомври 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

742.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА НИКОЛА БУЈУКЛИЕВ ЗА УЧЕСТВО НА МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ВО ИТАЛИЈА, САН РЕМО 2023

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Никола Бујуклиев за учество на музички фестивал во Италија, Сан Ремо 2023.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6392/2 Општина Штип
12 октомври 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

743.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 октомври 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА НИКОЛА БУЈУКЛИЕВ ЗА УЧЕСТВО НА МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ВО ИТАЛИЈА, САН РЕМО 2023

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Никола Бујуклиев за учество на музички фестивал во Италија, Сан Ремо 2023, во висина од 10.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6392/1
10 октомври 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

744.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИК НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА УСЛУГИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Ценовник на ЈП„Стипион 2011“-Штип за услугите за превоз на патници во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6393/2
12 октомври 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

745.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08,

07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 октомври 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИК НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП
ЗА УСЛУГИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Ценовник на ЈП „Стипион 2011“-Штип за услугите за превоз на патници во Општина Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за услугите за превоз на патници во Општина Штип со архoвски број 0202-371/4 од 29.08.2023 година, донесен од Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6393/1 Совет на Општина Штип
10 октомври 2023година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

746.

Врз основа на член 11 став 2 точка 7 од Статутот на ЈП „Стипион 2011”-Штип–пречистен текст („Службен Гласник на Општина Штип” број 08-23 ) а во согласност со член 2 од Одлуката за измена и дополнување на одлуката за Општински линиски превоз на патници во Општина Штип (службен Гласник на Општина Штип број 2/23) , Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011” Штип на состанокот одржан на ден 29-08-2023 година, утврди

ЦЕНОВНИК НА ЈП „СТИПИОН 2011“ШТИП
ЗА УСЛУГИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со овој Ценовник се утврдуваат цените на услуги за превоз на патници во Општина Штип што ги врши ЈП „Стипион 2011” Штип - Подружница превоз на патници во Општина Штип (во натамошниот текст:цени на услуги).

Член 2

Цените на услугите од член 1 на овој Ценовник се изразени во следната табела:

| Билети за автобуски превоз | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | **Производ/продукт** | **Важи за (зона)** | **Цени(денари)** |
| **сите** | единечен билет | градски линии | 30,00 |
| | | нас.Македонка нас.Балканска | 35,00 |
| | | Три Чешми Чардаклија Стар Караорман | 40,00 |
| | | Таринци | 60,00 |
| | | Карбинци | 70,00 |
| | | Радање | 90,00 |
| | | Радање-Карбинци Радање-Таринци Карбинци - Таринци | 30,00 |
| | повратен билет | градски линии | 50,00 |
| | | Нас.Македонка Нас.Балканска | 60,00 |
| | | Три Чешми Чардаклија Стар Караорман | 70,00 |
| | | Таринци | 100,00 |
| | | Карбинци | 120,00 |
| | | Радање | 140,00 |
| | | Радање-Карбинци-Радање-Таринци Карбинци – Таринци | 50,00 |
| | месечен билет | градски линии | 700,00 |
| | | нас.Македонка нас.Балканска | 800,00 |
| | | Три Чешми Чардаклија Стар Караорман | 1.000,00 |
| | | Таринци | 1.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Карбинци | 1.100,00 |
| | | Радање | 1.300,00 |
| | | Радање-Карбинци-Радање-Таринци Карбинци - Таринци | 700,00 |
| | годишни билет | Градски линии | 7.000,00 |
| | | нас.Македонка нас.Балканска | 8.000,00 |
| | | Три Чешми Чардаклија Стар Караорман | 10.000,00 |
| | | Таринци | 10.000,00 |
| | | Карбинци | 11.000,00 |
| | | Радање | 13.000,00 |
| | | Радање-Карбинци-Радање-Таринци Карбинци - Таринци | 7.000,00 |
| **ученици (основно,средно)** | единечен билет | Градски линии | 50,00 |
| | | нас.Македонка нас.Балканска | 80,00 |
| | | Три Чешми Чардаклија Стар Караорман | 90,00 |
| | | Таринци | 150,00 |
| | | Карбинци | 160,00 |
| | | Радање | 190,00 |

* деца до 5 годишна возраст се превезуваат бесплатно
* лица со попреченост се превезуваат бесплатно

Член 3

Ценовникот влегува на сила по добиената na согласност од страна на Советот на Општина Штип и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Штип.

Број 0202-371/4/1
29.08 2023 година

Ш т и п

Управен одбор
на ЈП „Стипион 2011“Штип
Претседател,
Марија Којзеклиска, с.р.

747.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 02.10.2023 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ - ШТИП

1. Се разрешува вршител на должноста директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип Коце Харизанов, поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 02.10.2023 година.
2. Разрешувањето се врши врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

1. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. 09-2219/6 од 06.04.2023 година.
2. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 03.10.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип Коце Харизанов, се разрешува поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 02.10.2023 година.

Врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование, Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување и исто лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2219/7
02.10.2023 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

748.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 03.10.2023 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
## - ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ ШТИП

1.За вршител на должноста- Директор на ООУ„Тошо Арсов“ -Штип, се именува:

**– Верица Николова, наставник по одделенска настава**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Тошо Арсов“ Штип, а стапува на должност од 03 Октомври 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Тошо Арсов“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ „Тошо Арсов“ – Штип, со Решение број 09-2219/7 од 02.10.2023 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ„Тошо Арсов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ„Тошо Арсов“ – Штип, вработената на неопределено време во истото основно училиште Верица Николова, на работно место наставник по одделенска настава, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Тошо Арсов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2219/8
03.10.2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

749.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 116, став 1, алинеја 1 и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 05.10.2023 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“-ШТИП - ШТИП

1. Се разрешува вршителот на должноста директор на Општинско Осовно Училиште „Тошо Арсов“-Штип Верица Николова, наставник по одделенска настава, на нејзино барање, заклучно со 05.10.2023 година.
2. Разрешувањето се врши врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).

3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. Број 09-2219/2 од 03.10.2023 година.
6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 06.04.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Тошо Арсов“-Штип Верица Николова, наставник по одделенска настава, се разрешува на нејзино барање заклучно со 05.10.2023 година.

Врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование, директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако тоа сам го побара.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2219/10
05.10.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

750.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 06.10.2023 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“-ШТИП

1.За вршител на должноста- Директор на Општинско Основно Училиште „Тошо Арсов“ -Штип, се именува:

**– Коце Харизанов, наставник по одделенска настава**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип, а стапува на должност од 06 октомври 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Тошо Арсов“-Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ „Тошо Арсов“–Штип, со Решение број 09-2219/10 од 05.10.2023 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Тошо Арсов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ „Тошо Арсов“–Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште Коце Харизанов, на работно место наставникпо оделенска настава, се именува за вршител на должност Директор на ООУ „Тошо Арсов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2219/11
06.10.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

751.

Врз основа на член 50 став 1 точка 13, 14 и 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 36 став 1 алинеја 9 и 10 од Статутот на општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14, 08/20 и 05/21), а согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл.весник на РСМ бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за назначување на службеник за млади

1. Давид Ѓеоргиев вработен во Општина Штип и распореден на работно место со звање – Советник за одржување на информатички системи се назначува за службеник за млади.
2. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:

- развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики;
- подршка на работата на локалната самоуправа, локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност;
- одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите;
- следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите;
- обезбедување информации и информирање на младите;
- водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;
- редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт;
- да биде контакт за сите младински прашања на локалната самоуправа кон младите и јавноста; и
- службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.

3. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението број 09-3498/1 од 03.06.2022 година.
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 09-6364/1
10.10.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.